


# ОТВОРЕНА ВЛАДА ЗА КЛИМАТСКА АКЦИЈА: Отворени податоци и партиципаторно носење политики во Македонија

---

Отворениот пристап на Владата може да биде од основно значење во градење на поддршката на јавноста за климатски иницијативи. Слободниот пристап до податоците за климатски промени придонесува за поголема информираност на јавноста за климатските промени и помага да се вклучат насоките од стратешките документи за климатските промени во секторските политики. Транспарентни и сеопфатни анализи на капацитетот за ублажување и адаптација, поттикнуваат спроведување на поефективни климатски акции. Во најновиот Акциски план за Отворено владино партнерство (ОВП), Македонија се обврза дека податоците за климата ќе бидат јавни и јавноста ќе се консултира при носење на релевантни политики.

**МОЖНОСТ |** Како држава-кандидат за членство во ЕУ, Македонија започна да ги усогласува своите закони со политиките на ЕУ, вклучувајќи ги и нејзините обврски во однос на Рамковната конвенција на ОН за климатските промени (УНФЦЦЦ). Во овој контекст, Министерството за животната средина и просторно планирање - одговорно за координација на политиките за климата - вложува значителни напори да ги зајакне националните капацитети за известување за влијанијата од и активностите во врска со климатските промени. Во 2016 година, МЖСПП подготви нов Акциски план за отворено владино партнерство, со цел да ја зголеми видливоста на националните иницијативи за климатски промени и да ја зајакне координацијата помеѓу различни владини министерства.

**ОБВРСКА |** Во Акцискиот план од 2016 г., Македонија се обврза отворено да ги објавува националните и општинските инвентари на стакленички гасови, да го подобри квалитетот на собраните податоци, да ја подобри јавната свест во однос на националните придонеси и да одржува консултации со засегнатите страни при подготовка на двогодишните извештаи (BUR).

**ПРВИЧНИ ИНФОРМАЦИИ |** Павлина Здравева, од Програмата за развој на Обединетите нации во Македонија, истакна дека обврската од Акцискиот план стана по-амбициозен како резултат на работилниците. До крајот на процесот, се вклучи уште една активност и два дополнителни општински инвентари. На работилниците се истакна и потребата да се подобри информираноста на јавноста и да се поврзат инвентарите со секојдневните животи на луѓето, како и да се промовира нивно повторно користење.

Учеството во процесот на отворено владино партнерство имаше и дополнителен ефект преку привлекување на вниманието на владините службеници од други сектори, и ја зголеми запознаеноста на носителите на одлуки со климатските прашања. Вниманието на меѓународните медиуми врз обврските за климатски промени во отвореното владино партнерство дополнително ја зголеми поддршката од владата и граѓанското општество.

## ПЕРСПЕКТИВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

МЖСПП, УНДП и Македонска академија за науките и уметностите се институции-лидери во процесот на спроведување на обврските за климатски промени во рамките на Отворено владино партнерство. Ова е одраз на усогласениот напор за зајакнување на партнерството помеѓу научните институции и носителите на политики со цел да се подобрат резултатите и континуитетот на иницијативите. Другите партнери од граѓанското општество дадоа свој придонес преку активно учество во работилниците. Тие особено помогнаа да се пополнат специфични недостатоци во однос на истражувања и податоци, додека локалните невладини организации помогнаа да се направат локалните инвентари на стакленички гасови.

До октомври 2017 година, МЖСПП и неговите партнери ги завршија најголем дел од активностите наведени во обврските. И националните и локалните инвентари сега се достапни на интернет. МЖСПП дополнително превзема серија активности за подигање на свеста, вклучително и издавање на билтен и широко дистрибуирана интернет анкета за перцепциите за климатските промени.

## РАНИ И ОЧЕКУВАНИ ВЛИЈАНИЈА |

Партнерите кои учествуваат во спроведувањето очекуваат оваа обврска да му помогне на МЖСПП попрецизно да го оцени својот капацитет за преземање на идни мерки за ублажување. Процесот на спроведување веќе овозможи работната група да ги идентификува областите каде амбицијата искажана во националните придонеси може да се зголеми. Антонио Јовановски, извршен директор на GoGreen, една од невладините организации кои учествуваа на работилниците, очекува дека јавно достапните инвентари ќе овозможат и граѓанското општество да се залага за поамбициозни климатски активности.

Другото релевантно влијание не доаѓа од самото исполнување на обврската, туку од користената методологија. Кога се изработуваа општинските инвентари, работните групи користеа нова алатка наречена Foresight Explorer за да ги соберат и организираат информациите од стотици засегнати страни. МЖСПП од тогаш продолжи со воведување на нови алатки за собирање податоци и консултации со јавноста. Како што истакна г-ѓа Здравева, „Податоците се богатство. Тие се клуч за планирање на политики за нискојаглероден развој. Се обидовме и тестиравме многу иновативни методи кои ни помогнаа да собереме големи групи на податоци кои сега се отворени и достапни за сите граѓани.“

Политичката нестабилност во Македонија и понатаму создава предизвици за целосно спроведување на обврските од Отвореното владино партнерство. Обврските за климата од 2016 година се одраз на ставот на работната група во однос на тоа што е изводливо во политичкиот контекст во тоа време. Но, г-ѓа Здравева посочи дека штом ќе се стабилизира политичката ситуација, можат да се преземат и поамбициозни активности, вклучително и преку Отвореното владино партнерство.



**КОНТАКТ**
**Цеси Воркер**
Еколошки демократски практики - Светски институт за ресурси
jesse.worker@wri.org